Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина (Сл. Весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 42/16), Општина Градско, на ден 16.07.2024 година, донесе

**Одлука за спроведување на стратегиска оцена**

1. За планскиот документ Урбанистички план вон населено место Згрополци, за мултинаменски стопански комплекс во м.в. Тркало, КО Згрополци, Општина Градско, кој го донесува општина Градско потребно е да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.

2. Како органи засегнати од имплементација на планскиот документ Урбанистички план за село Градско, општина Градско се определуваат следните: општина Градско, Министерство за животна средина и просторно планирање, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, ЕВН, Министерство за транспорт и врски, Министерство за економија.

3. За планскиот документ Урбанистички план вон населено место Згрополци, за мултинаменски стопански комплекс во м.в. Тркало, КО Згрополци, Општина Градско, за чија изработка е одговорно УРБАН ПРОЕКТИНГ ДООЕЛ Велес, а го донесува општина Градско, донесувањето на планскиот документ Урбанистички план вон населено место Згрополци, за мултинаменски стопански комплекс во м.в. Тркало, КО Згрополци, Општина Градско ќе има влијание врз животната средина.

4. Обемот на извештајот за стратегиска оцена треба да ги опфати следните аспекти: влијание врз подземните и површинските води, влијание врз почвата, влијание по однос на генерирање на комунален и градежен отпад и влијание од несреќи и хаварии.

5. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на општина Градско на следната веб адреса/и: www.gradsko.gov.mk

Бр. 12-110
Место Општина Градско

Име и презиме
Градоначалник
Киро Нацков